РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-520/1
28-01-2026 r./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава за прекршување на законските одредби во изборен процес поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 27-мата седница одржана на 23.01.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-3016/1 од 19.11.2025 година, оформен по добиена пријава – Известување за констатирана состојба од Државниот просветен инспекторат со сомневање за наводно прекршување на законските одредби во изборен процес – донесување на решение за разрешување од должноста директор и донесување на решение за именување на в.д. директор по распишување на Локалните избори 2025 и пред нивното завршување, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што наводите за сомневање за прекршување на законски одредби во изборен процес не се потврдуваат односно во предметниот случај не е констатирано прекршување на законските одредби за време на изборен процес.

Во однос на неисполнувањето на условите за директор и во однос на повредата на постапката за именување на функцијата вршител на должноста директор констатирана од страна на Државниот просветен инспекторат, ДКСК постапува во рамки на Секторот за спречување на корупцијата.

Предметот со број 12-3016/1 од 19.11.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 19.11.2025 година, од страна на Државниот просветен инспекторат доставено е Известување бр. 12-3016/1 од 19.11.2025 година, за констатирана состојба при извршен

инспекциски надзор над субјектот СОУ /// – ///, заради натамошно надлежно постапување на ДКСК согласно нејзините законски надлежности, поради сомневање за наводно прекршување на законските одредби во изборен процес.
Содржината на известувањето упатува на тоа дека при вонреден инспекциски надзор на Државниот просветен инспекторат над субјектот СОУ /// – /// утврдено е дека од страна на градоначалникот на Општина /// било донесено Решение за разрешување од должноста директор на СОУ /// – /// бр./// од /// година и било донесено Решение за именување на в.д. директор на училиштето бр./// од /// година.
Следствено, врз основа на членот 34 од Законот за просветната инспекција[1], Државниот просветен инспекторат доставил Известување за утврдената состојба до ДКСК, за нејзино натамошно постапување согласно надлежностите утврдени во членот 99 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави Барања за доставување податоци и информации до Општина /// и до Државниот просветен инспекторат.

Од увидот во податоците, информациите и документацијата доставени како одговор на Барањата на ДКСК, утврдена е следната фактичка состојба:
Со Решение бр./// од /// година донесено од градоначалникот на Општина /// ///, службеното лице /// била разрешена од должноста директор на СОУ /// – ///. Во Решението е содржано образложение кое упатува на членот 93 од Законот за средното образование[2] според кој директорот на јавното училиште може да биде разрешен особено на лично барање. Видно од документацијата доставена на барање на ДКСК, /// до градоначалникот на Општина /// на ден /// година доставила неотповиклива оставка од лични причини (бр./// од /// година).
На ден /// година градоначалникот на Општина /// донел Решение бр./// од /// година за именување на /// за в.д. директор на СОУ /// – ///, до именување на нов директор, но не подолго од шест месеци од денот на именувањето. Во ова Решение е содржано образложение кое упатува на членот 93-в од Законот за средното образование според кој „градоначалникот, односно министерот, во рок од три дена од денот на разрешувањето

[1] *„Службен весник на Република Северна Македонија“ (бр. 52/2005, 81/2008, 148/2009, 57/2010, 51/2011, 24/2013, 137/2013, 164/2013, 41/2014, 33/2015, 145/2015, 30/2016 , 64/2018, 3/2025, 74/2025)*
[2] *„Службен весник на Република Северна Македонија“ (бр. 44/1995, 16/1996, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 41/2001, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 78/2003, 67/2004, 51/2005, 55/2005, 113/2005, 3/2006, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 88/2009, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017, 64/2018, 229/2020, 269/2023, 78/2025, 132/2025)*

на директорот, именува вршител на должноста на директор од редот на наставниците и стручните соработници во средното училиште".

При вонреден инспекциски надзор на Државниот просветен инспекторат извршен над субјектот СОУ /// - /// во периодот од /// година до /// година, за кој бил составен Записник /// од /// година, било утврдено дека ///, именувана за вршител на должноста директор со Решение бр./// од /// година, не ги исполнува условите за директор утврдени во членот 91 од Законот за средното образование. Воедно, било утврдено дека градоначалникот го именувал ова службено лице за вршител на должноста директор без претходно да побара податоци за наставници и стручни соработници кои се вработени во училиштето а кои ги исполнуваат условите за директор. Следствено, државниот просветен инспектор констатирал дека градоначалникот сторил повреда на постапката за именување на в.д. директор пропишана со членот 93-в од Законот за средното образование. Врз основа на член 34 од Законот за просветната инспекција, за констатираната неправилност доставил Известување до градоначалникот на Општина ///, а врз основа на член 108-а од Законот за средното образование доставил Известување до Министерството за образование и наука.

Според член 34 став 1 точка 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и според член 8-а став 1 точка 3 од Изборниот законик:

*„Од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до завршување на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија согласно со резултатите од изборите, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје не може: да се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случај на итни и неодложни работи".*

Имајќи го предвид датумот на донесувањето на Решението бр.09-4408/1 од 09.08.2025 година, за распишување на избори за членови на Советите на општините и Советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје кои ќе се одржат на 19 октомври 2025, може да се констатира дека градоначалникот на Општина /// Решението за разрешување од должноста директор на СОУ /// - /// бр./// од /// година и Решението за именување на в.д. директор на училиштето бр./// од /// година ги донел во текот на времетраењето на изборниот процес.

ДКСК има предвид дека Решението за разрешување на /// од должноста директор на СОУ /// – /// бр./// од /// година е донесено по поднесување на оставка од страна на ова службено лице, од што произлегла потреба за именување на вршител на должноста директор заради континуирано одвивање на работниот процес во училиштето и заради извршување на работите од членот 92 од Законот за средното образование. Следствено, ДКСК цени дека со донесувањето на Решението за разрешување од должноста директор на СОУ /// – /// бр./// од /// година и со донесувањето на Решението за именување на в.д. директор на училиштето бр./// од /// година не е сторено прекршување на законските одредби во изборен процес.

Во однос на неисполнувањето на условите за директор и во однос на повредата на постапката за именување на функцијата вршител на должноста директор констатирани во Записникот /// од /// година на Државниот просветен инспекторат, ДКСК постапува во рамки на Секторот за спречување на корупцијата.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК утврди дека наводите за сомневање за прекршување на законските одредби во изборен процес изнесени во Известувањето на Државниот просветен инспекторат не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување.

Следствено, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Ц.Р., член на ДКСК

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk